# СОВЕТИ ЗА ПОДОБАР

## ХРИСТИЈАНСКИ ЖИВОТ



ИСКУСТВА - СОВЕТИ - АКТУЕЛНОСТИ



ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2023

*Сабота, 1 април 2023*

## БИДЕТЕ ТИВКИ

Тишината е неопходна доколку очекувате да му дадете длабочина на вашиот духовен живот. Во својата книга With the Almighty, Чарлс Свиндол пишува: „Звуците и зборовите, како и оптоварените дневни распореди, ги отапуваат нашите чувства, ги затвораат нашите уши за неговата тишина и нè умртвуваат за неговиот допир."

Минатата година нашето семејство помина неколку часа во националниот парк Utax's Sion. Воздивнувавме додека ги гледавме величествените карпести формации што се надвиснуваа над нас. Но, тоа беше тишина помешана со визуелен спектакл, која правеше да го чувствуваме Божјото присуство со длабока стравопочит. По три часа патување, дојдовме во Лас Вегас. Мора да го споменеме контрастот! Беше лесно да се спореди: увидовме дека Божјиот глас, тенок и тивок, тешко може да се слушне среде вртоглавата бучава, барањето задоволства и нападната стимулација на сетилата на тоа место.

Вие не можете да ги контролирате звуците на светот околу вас, но можете да ја намалите јачината на приемот во вашиот внатрешен простор. Направете во својот живот одаја за тишина. Исклучете го телефонот, угасете го телевизорот, исклучете го радиото или ЦД уредот, а потоа застанете и поминете некое време во тишина.

Нема да ве залажувам. Тоа ќе биде многу тешко. Додека ги пишувам овие зборови, јас сум сам во дневната соба, но машината во соседната соба веќе брчи, а низ ходникот се слушаат звуци од музика што ја обожаваат моите деца. Сепак, мораме да се обидеме затоа што интимноста најдобро се остварува во тишина, каде што е намалена вревата, го нема она што нè попречува или ни го одзема вниманието, и каде што можеме целосно да се сосредоточиме на Бога.

**Грабнете ги „Божјите моменти"**

Кога ќе поминете одредено време со Бога, кога ќе го слушнете неговиот глас преку неговите зборови, кога ќе донесете некоја одлука целосно да го следите во она што Тој ви го открил, кога ќе го доживеете неговото одобрување за вашите одлуки, можете да го започнете вашиот ден. Тогаш тишината во вашата душа ќе стане отпорна на надворешната врева.

Слушнав како проповедниците зборуваат дека, кога сте навистина гладни за Бога, кога вашата душа се нахранила со неговите зборови и примила сила, тогаш ќе можете да го чуете неговиот глас, дури и среде разговор меѓу две лица во автобус! Еве во што е работата: Гледајте го и слушајте го Бога и во најрутинските работи во вашиот ден. Тој е таму. Исто како учениците што ги собрале остатоците од оброкот кој се состоел од риба и леб, ние можеме да собереме фрагменти од времето и да ги употребиме за да се поврземе со Бога. Пејте и молете се додека возите. Додека ги миете забите, учете го напамет библискиот текст што сте го ставиле на својата картичка или на една потсетница што сте ја залепиле на огледалото во бањата. Додека го корнете плевелот во својата бавча, зборувајте им на своите деца за „плевелот" на гревот. Кога наутро ѕвонењето на будилникот ќе го прекине вашиот сон, пред да се фатите за тушот или повторно да задремете, прошепотете ја својата молитва за предавање на Бога. Средбата со Господа нека ви причинува посебна радост, уживање во неговите ветувања, спокој и мир во неговата заштита, и така ќе останете поврзани со него и покрај презафатеноста во текот на денот.

*Сабота, 8 април 2023*

## ОДРЖУВАЈТЕ РЕДОВНО БОГОСЛУЖЕНИЕ

Одвојте цел еден ден за богослужение. Така е - цел ден. Можеби ќе помислите дека не сум разумен што ви го предлагам ова, но тоа не е моја идеја туку Божја. Всушност, Тој сметал дека тоа е толку важно што го ставил како дел од неговите заповеди (погледнете: 2. Мојсеева 20,8-11). Бог знаел дека кога би биле препуштени на своите планови, би работеле до самоуништување и во сето тоа би заборавиле на Него. Тој исто така знаел дека мора да се одвои време за нешто да може да порасне и за да се разбуди.

Да се празнува саботата, тоа е зачудувачка предност, практика која обновува и во која јас уживам секоја седмица. Во петок навечер, на зајдисонце, телевизорот и весниците имаат слободен ден, а моето семејство се собира на молитва и го слави Создателот кој е и наш Откупител. Следните 24 часа ги поминуваме во заедничко богослужение, одмор, имаме време за нас, а некогаш одиме и во природа каде што го нема тоа лудило кое ни ги иритира нервите и нè бом-

бардира на секој чекор во останатите денови од седмицата. Во еден таков свет многу е лесно да се стане површен, да се живее површно.

Површноста е проклетството на нашето време. Можеме да стекнеме длабоко христијанско искуство може ако го доведеме во ред нашиот внатрешен свет и ако дејствуваме во согласност со пораките што Бог ни ги упатува во Библијата.

*Сабота, 15 април 2023*

## ДУХОВНОСТ

Времето во кое живееме, таканареченото време на технологијата, произведе изненадувачка глад за духовност. Се чини дека колку подлабоко се впуштаме во „cyberspace", сè повеќе бараме мир во „внатрешниот простор" на нашата душа. Што значи да се биде духовна личност? Христијаните денес често знаат религиозните активности за духовен раст да ги заменат со нешто друго што носи катастрофални последици.

Јас го сакам овој дел затоа што се занимава помеѓу останатото и со проблемот на душата - со таа тажна состојба низ која минува секое христијанско искуство во ова време кога површното читање на Библијата нè остава невдахновени, кога се чини како молитвите да стигнуваат само до таванот, и кога гледаме дека сето она што некогаш ни носело радост, сега станало безвредно и безживотно.

**Бидете подуховна личност**

Во ред. Тоа може да дојде порано или подоцна. Можеби, ќе се одлучите да се поштедите себеси од чувството на агонија и вина поради донесувањето и кршењето на новогодишните одлуки, и сега сакате да обратите повеќе внимание на она што е духовно и да се приближите кон Бога.

Тоа е прекрасно. Но, знате ли што? Таа желба што ја имате за да бидете поблизу до Бога не е ваша идеја, туку Негова. Земете го, на пример, мобилниот телефон. Вие сте на работа – можеби меѓу сообраќај, или седите на состанок, можеби сте на курс по компјутери– кога одеднаш ќе почуствувате дека нешто вибрира и пушта познат звук кој одекнува во вашите уши. Тоа е вашиот мобилен. Некој ве бара и треба да одговорите.

Желбата за подлабока духовност е Божји „сигнал упатен до вас". Тој сака да ви се приближи. Не морате да чекате до 1 јануари за да доне-

сете одлука да одговорите на Божјиот повик. Вашите одлуки да истраете во намерите да бидете поврзани со Бога, не мора да чекаат до „нова година“, одговорете на повикот токму сега.

*Сабота, 22 април 2023*

## ПРИЗНАЈТЕ ЈА СВОЈАТА ПОТРЕБА

Овој чекор изгледа сосема очигледен, но могу луѓе никогаш не одат понатаму од позицијата на желба, затоа што не сакаат да признаат дека имаат потреба.

Повторно прочитајте го Исусовиот укор до црквата во Лаодикеја во книгата Откровение 3,14-18. Лаодикејците не се ниту врели ниту ладни. Тие се „млаки“ – а таа млакост предизвикале мачнина кај Христа. Но проблемот не се наоѓал во нивната млакост, туку во нивниот став – „ништо не ми треба“. Читајте го тоа за себе: „Зашто велиш: богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба, а не знаеш дека си беден и несреќен и сиромав и слеп, и гол.“

Млакоста не е проблем за Бога. Тој може да го запали огнот на првата љубов кај своите чеда – ако тие себеси се видат онакви какви што се, и ако ја признаат својата потреба.

Како да се направи тоа? Обратете се до Бога во молитва и кажете му колку ви е потребен. Дозволете му да ви го покаже она за кое сте духовно слепи и да ви укаже на областите во вашиот живот кои треба да ги ставите под негова контрола. Имајте при рака бележник и молив додека го правите тоа, и бидете подготвени да го запишете она што Бог ќе ви го открие. Читајте го тој список и молете се над секоја точка, признавајќи ја вистината за себе и прифаќајќи го Божјото проштавање.

**Сторете нешто**

Овој чекор е директно поврзан со првиот. Признавајќи му на Бога дека ни е потребна помош, давајќи му дозвола да ни укаже на нашите пропусти, ние мораме да сториме нешто!

Ако имате намера духовно да растете, вие треба да го правите она што Бог ви кажува да го правите.

Почнете на тој начин што ќе направите план. Набројте ги своите цели. Дали сакате да ја читате Библијата секој ден? Да учите стихови

од Светото писмо напамет? Да работите некоја доброволна работа во своето опкружување? Ви треба повеќе време за молитва и посветување. Запишете ги своите цели. Изнесете го тој список пред Господа. Потоа сторете нешто – со негова помош остварете го тоа до крај.

*Сабота, 29 април 2023*

## ПРИБЛИЖЕТЕ СЕ КОН ХРИСТА

Исус рекол: „Бидете во Мене, и Јас ќе бидам во вас. Како што прачката не може да роди плод сама од себе, ако не е на лозата, така и вие, ако не бидете во Мене. Јас сум лозата, а вие прачките; и кој е во Мене, и Јас во него, тој ќе даде многу плод; зашто без Мене не можете да направите ништо.“ Ако сакате да бидете подуховна личност и послични на Христа, потребно е „да бидете во“ него, и да му се приближите. Потребно е да минувате време со Христа.

Еден проповедник рекол: „Секако вклучете ја, клучната состојка на автентичното христијанство - времето. Не време што ви преостанало, не импровизирано време, туку квалитетно време; време за разгледување, размислување и промислување, време без брзање, без прекинување.“

**Престанете да се смеете и слушајте.** Знам што мислите: Секако, потребно ми е време со Исуса, но постои еден проблем – јас воопшто немам време. Станувам во 5,00 наутро, трчам колку што ме држат нозете и не застанувам до 11 или 12 часот вечерта. Да се мине време со Исуса звучи поетски и убаво, но во вистинскиот свет - во мојот свет – тешко дека некогаш тоа се случува како што треба. Но, сфатете го следново: времето со Исуса никогаш не се „случува“ туку така. Вие морате да го испланирате тоа! Мора да се обврзете на тоа, исто како што сте се обврзале секојдневно да одите на работа. Тоа е толку важно.

**Поставете реални цели.** Почнете со мали – можеби по 15 минути секој ден. Што ќе правите за тоа време, тоа ќе биде меѓу вас и Бога. Можете да пеете, да читате списание, да уживате во тишината, да се молите, да го читате Светото писмо, и т. н. Но, почнете денес, и ставете го тоа на прво место во вашиот список.

**Заедницата со Бога се гради секој ден.** Бог сака да му се приближите. Бог постојано ве пречекува со раширени раце и отворена врата.

*Сабота, 6 мај 2023*

## ИМАЈТЕ ДУХОВЕН - ОДГОВОРЕН ПАРТНЕР

Можеби е добро да најдете некој кој ќе учествува во вашата желба за духовен раст. Молете се заедно со тоа лице за заеднички да ги остварите вашите духовни цели. Тоа одговорно лице може да биде вашиот брачен другар, близок пријател или член на семејството. Тука е во прашање повеќекратно јакнење. „Подобро им е на двајца отколку на еден, затоа што можат да имаат корист од својот труд. Зашто ако едниот падне, другиот ќе го подигне својот другар; а тешко на самиот! ако падне, нема кој да го крене."

Да поедноставиме, потребна ни е помош. Одговорниот партнер ќе се моли за вас и со вас, и, како што предлага насловот, вас ќе ве смета за одговорен во однос на целите што сте ги поставиле. Молете се на Бога да ви ја даде вистинската личност за да остварите со неа едно такво духовно дружење. Споделете ги со неа вашите желби за подлабока поврзаност со Бога, желбата да растете духовно, желбата Бог да ве употреби на негова слава. Тоа може да биде еден од чекорите во вашиот план за духовен раст.

**Давајте се себеси**

Мртвото море е буквално „мртво" затоа што водата се влева во него, но не истекува. Тоа е „себично" водено тело – само прима а не дава. Христијаните можат да станат како мртво море ако постојано само земаат: проучување на Библијата, црковни активности, проповеди, семинари, итн., но ретко го споделуваат своето христијанско знаење, своето искуство со Бога и сведочење на другите.

Ако навистина сакате духовно да растете, барајте начини и молете се Бог да ви даде сила вашата посветеност Нему да ја употреби во служба за другите. Ако постои можност, волонтирајте во вашата месна болница или во прифатилиште за бездомници. Соберете ги лисјата во дворот на соседот. Однесете ручек на некој пријател или споделете ја Божјата реч со вашиот деловен партнер кој не го познава Христа. Организирајте акција за да се искречи или освежи домот на некој инвалид. Нагласокот е следен: Духовноста е многу повеќе од седење, молење и читање. Најголем напредок имаме кога нашата стекната духовност ја споделуваме, кога им служиме и им

помагаме на другите. Значи, со таа цел „напредувајте во спознавањето на нашиот Господ и на нашиот Спасител Исус Христос."

*Сабота, 13 мај 2023*

## ОБНОВЕТЕ ГО ВАШИОТ ДУХОВЕН КОПНЕЖ

Во книгата на Немија пишува дека Господовата радост е наша сила (Немија 8,10). Тешко ни е да поверуваме во тоа кога имаме потешкотија да ја одржиме радоста дури и за пет минути. Радоста е Божја волја за мојот и твојот живот, а она што Тој сака, Тој може да го постигне во мене и во тебе – дури и кога водиме многу брз живот, каков што е денешниов. Ако е Господовата радост твоја сила, тогаш е логично да мислиш дека радоста ќе биде главен напад на непријателот. Тој сака да те заслаби на секаков можен начин. За да се одбраниш од неговите напади, мораш да ги запознаеш средствата со кои непријателот ја уништува твојата радост и ти ја краде силата.

***Ставови кои ја крадат твојата радост:***

**Лутина.** Сестрата и братот, Марија и Арон, го довеле во прашање Божјиот повик во Мојсеевиот живот. Секој е повикан во одредена служба и ниту една служба не е подобра, поважна и повредна од другите. Ако си лут некому, покај се пред Бога. Колку подолго лутината се здржува во твојот ум, толку поголема енергија и сила трошиш за неа, што само ќе произведе таа да порасне уште повеќе.

**Огорченост.** Господ вели „...за да не изникне некој корен на горчина и да не ве вознемири и за да не се осквернат со него мнозина" (Евреите 12,15) Горчината е заразна – таа ја уништува твојата радост и сите кои што се околу тебе. Истото важи и за спротивното. Ако негуваш радост и благодарност, твојот став ќе биде заразен.

**Гнев.** „Сонцето да не зајде во вашиот гнев" (Ефесјаните 4,26). Постои таканаречен праведен гнев, но тој не води во грев. „А јас ви велам дека секој кој се гневи на својот брат без причина, ќе биде виновен пред судот... огнениот пекол" (Матеј 5,22). Исус очигледно смета дека гневот е голема работа. Донеси одлука да го истераш гневот. Тоа може да се направи!

**Непростување.** „Бидете еден кон друг,чувствителни, благи, милосрдни, проштавајќи си еден на друг, како што и Бог ви прости вам во

Христос“ (Ефесјаните 4,32). Простувањето ни дава сила и ја крепи радоста во Господа. Подеднакво е важно да прифатиме дека Бог ни простува, дека ние треба да им простиме на другите и да го прифатиме нивното простување; и да не се задржуваме на минатото.

**Страв.** Недостаток на доверба е всушност страв – неверување дека Бог се грижи за нас. „ Зашто Бог не ни даде дух на страв, туку на сила и љубов и чистота“ (2. Тимотеј 1,7). Стравот предизвикува да бидеме плашливи и да ја загубиме силата и смирениот ум кој Бог ни го дал. Единствениот страв што треба да го имаме е стравот Господов, кој е света побожност кон Него.

**Навреда.** Каде и да одиш секогаш ќе најдеш прилики да се навредиш. Ако одбереш да бидеш навреден, му дозволуваш на сатаната да изгради тврдина во тебе. Не губи време ниту сила на навредите. „Голем мир имаат оние што го љубат твојот закон, и не се сопнуваат од ништо“ (Псалм 119,165).

**Непослушност.** Понекогаш знаеш што сака Бог, но ти сепак не го правиш тоа. Тогаш се прашуваш зошто не си среќен. Гревот предизвикува ефект на бранување, кој, поради твојата непослушност, може да те повреди и тебе и другите.

**Лутина, Огорченост, гнев, непростување, страв, навреда, непослушност** - да бидеме свесни за овие средства, но уште посвесни за важноста да застанаеме на Божја страна, што и да ни се случува.

*Сабота, 20 мај 2023*

## ПОВТОРНО ПРАВЕТЕ ГО ОНА ШТО СТЕ ГО ПРАВЕЛЕ НА ПОЧЕТОКОТ

Кога црквата во Ефес ја изгубила својата прва љубов, Исус ја советувал: „И така, спомни си од каде падна, и покај се, и врши ги своите први дела“ (Откровение 2,5)

Овој совет е добар и за нас денес. Вратете се со мислите наназад. Сетете се што правевте кога искуството на спасение со вера сè уште беше свежо и ново? Дали имавте часови на посветување во раните утрински часови? Дали учествувавте во проучувањето на Библијата во мали групи? Дали редовно наоѓавте начин за својата вера да им

зборувате на другите? Големи се шансите да се разнежните додека се сеќавате на таа „прва љубов“. Ако сакате повторно да ја почувствувате таа искра во својот христијански живот, правете го она што сте го правеле на почетокот. И не користете ги вашите бројни обврски како оправдување да не сторите ништо на тоа поле. „Презафатеноста“ ќе ве одведе во духовна потиштеност побрзо од што било друго.

**Покајте се**

Земете лист хартија и барајте од Бога да ве потсети на сите пречки кои сега ја крадат вашата посветеност, вашето време и сила за Бога. Во мојот список би биле вклучени: гледањето телевизија до доцна навечер, заморот од пренатрупани работни часови, и погодувате – го пропуштам проучувањето на Библијата. Во друг список би можеле да бидат вклучени нездравите пријателски врски, злоупотребата на некои супстанции или дури нечија работа. Какви и да се ривалите, набројте ги и потоа признајте му на Бога, молејќи се да ви покаже како да постапите со секој од нив. Не плашете се да се соочите со своите духовни падови и именувајте ги со нивното вистинско име. Бог копнее да ве поврзе со себеси далеку повеќе отколку што вие тоа го сакате.

*Сабота, 27 мај 2023*

## СЛАВЕТЕ ГО ГОСПОДА

Изразувањето благодарност, пофвала и славењето на Бога, тоа се моќни оружја коишто Бог му ги подарил на секое свое чедо во борбата против непријателот. Ми се допаѓа една реченица што неодамна ја слушнав: „Сатаната е алергичен на хвалбоспевите, и така, таму каде што има победоносно благодарење и славење, сатаната е парализиран, врзан и прогонет.“ Ако во вашата заедница со Бога ја снемало силната желба со цело срце да се поврзете со Него и да му служите, вратете го тој жар, користејќи ја силата на славењето. Бог продолжува таму каде што се слави неговото име. Ако во последно време ви се чини дека Тој е далку, ве советувам да земета пауза за благодарност и славење.

Дали ви е потребна помош за да почнете? Обидете се да го славите неговото Име, неговата правда, неговото постојано создавање и неговата Реч. По читањето на оваа статија, издвојте пет минути и напишете десет начини на кои Бог ве благословил. Изнесете го својот список пред Господа и подгответе се да ја искусите оваа блиска средба.

**Сеќавајте се на крстот**

Можеби се чини шокантно, но сепак е вистинито: жртвата што Исус ја поднел на Голгота, кај многумина од нас како да не буди емоции. Некои гледаат рамнодушно на крстот слично како да гледаат можеби кон чинија полна со житни снегулки. Христијаните го слушаат настанот за Христовата смрт толку често што понекогаш се подготвени тоа подрачје да го занемарат и да тежнеат кон доктринални или пророчки вистини кои ќе бидат поголем предизвик за нивниот ум.

Но, токму кај крстот го засакуваме Бога, чија љубов е толку голема кон нас што умрел за да можеме ние да живееме. Значи, за да ја вратиме ревноста, оживејте ги во вашите мисли, во вашите молитви сцените од Исусовата последна седмица читајќи и размислувајќи за текстовите од Евангелието според Матеј 21-28, од Евангелието според Марко 11-16, Евангелието според Лука 19-23 и од Евангелието поред Јован 12-21. Додека ги читате, поставете си ги прашањата: **КОЈ, ШТО, КОГА, КАДЕ и ЗОШТО.** Напишете ги своите одговори во бележникот и посматрајте како Светиот Дух повторно во вашата куќа го донесува чудесниот блесок од Голгота и Божјата зачудувачка милост.

*Сабота, 3 јуни 2023*

## МОЛЕТЕ СЕ НА БОГА ЗА НЕГОВО ВОДСТВО

Почнете од самиот почеток. Молете се на Бога да го води вашиот избор. Едно од моите омилени ветувања, кога станува збор за Божјото водство се наоѓа во Мудри изреки 3,5 : „Верувај во Господа со сето свое срце, а на својот разум не се потпирај. Имај го на ум на сите твои патеки, и Тој ќе управува со нив.“ Без разлика дали е во прашање нешто големо или мало, на сите свои патеки имај го на ум, или советувај се со Него.

„Но јас се молам,“ ве слушам како некој си мисли, а сè што добивам е тишина. Како што минува времето, можеби сум повеќе збунет и напнат, бидејќи не добивам никаков знак што треба да правам.“ Во ред е, ве слушам. Но немојте да ги пропуштите првите зборови на ова ветување. „Верувај во Господа“! Исус ни кажува

дека Отецот знае што ни е потребно. Тој ветил дека ако најпрво дојдеме кај Него и бараме совет и ако му дадеме првенство на неговиот совет за одреден предмет, Тој ќе нè води во вистинската насока во животот. Првиот чекор е - молитвата!

**Поминувајте време во проучување на Божјата реч**

Божјата волја и неговата Реч одат заедно. Кога сатаната го ставил Исуса пред искушението да се потпре само на својата сопствена моќ за да ја задоволи својата потреба за храна, Исус му одговорил: „Не живее човек само од леб, туку и од секој збор кој излегува од Божјата уста.“ Божјата волја е откриена во Неговата реч.

Неодамна примив писмо од една жена која сакаше да знае дали треба да продолжи да живее слободен живот со човек кој нема намера да се ожени со неа. Жената е христијанка. Нејзиното момче не е. Мојот одговор беше оној кој таа не сакаше да го чуе, но Божјиот поглед на интимност надвор од бракот и на некои врски меѓу луѓе чија духовност не е еднаква, е јасен.

Кога ѝ одговорив на нејзиното писмо и внимателно го изнесов советот на Божјата реч, таа призна дека цело време знаела што треба да прави, но желбите биле посилни од намерите. Рече дека сака да се врати кај Бога, и дека токму сега презема чекори за да ја заврши таа недозволена врска. Понекогаш во своето срце знаеме што треба да сториме во одредена ситуација, но се надеваме дека ќе најдеме некоја дупка во законот која ќе ни дозволи да го направиме она што нашето грешно срце сака да го прави. Познавањето на Божјата реч ќе ни заштеди многу време кога настојуваме да ја дознаеме неговата волја, а исполнувањето на неговата волја ќе нè поштеди од многу непотребни разочарувања и маки во животот.

*Сабота, 10 јуни 2023*

## ОДГОВОРЕТЕ НА „ДЕСЕТ ПРАШАЊА“ ПРЕД ДА ДОНЕСЕТЕ ОДЛУКА

Пред неколку години еден пријател ми испрати еден список. Не знам кој е авторот, но, одговарањето на следните десет прашања ќе го изостри вашиот духовен слух додека го слушате Божјиот глас кога донесувате некоја одлука.

1. Која е мојата животна агенда, мојата конечна цел? Дали имам цел да ја сознаам и да ја почитувам Божјата волја за мојот живот ?

2. Која од алтернативите што ги имам пред мене се совпаѓа со таа животна агенда?

3. Можам ли јас тоа да го остварам и да ги оддржам моите приоритети? Дали таа се спротивставува на некои од моите основни вредности?

4. Дали тоа ќе го внесува Божјото царство во мојот сопствен живот или ќе ме оддалечи од него?

5. Ако го направам тој избор, дали тоа ќе го прослави мојот Господ и ќе ми помогне да напредувам како личност?

6. Дали тој избор ќе ме доведе до подлабока заедница со Господа?

7. Дали тоа ќе им овозможи конечно добро на сите заинтересирани? (зборот *конечно* значи дека, и покрај тоа што изборот може на почетокот да предизвика болка или тешкотии, на крајот сепак ќе биде корисен за сите кои се вклучени во него.)

8. Дали тој избор ќе ја зголеми или ќе ја намали мојата самодоверба? Дали ако се соочам и директно погледнам во тој избор сè уште се сакам и се почитувам себеси, или се срамам од тој избор?

9. Дали тоа ќе предизвика напнатост, нервоза или немир во мојата душа?

10. Дали можам да сметам на Господа дека го одобрува, во секој поглед, остварувањето на таа одлука?

*Сабота, 17 јуни 2023*

## ПРИФАТЕТЕ ГО СОВЕТОТ

Во Мудрите изреки на Соломон 11,14 се вели: „Кај што нема совет, пропаѓа народот, а помошта е во многуте советници". Да поедноставиме, прифатете го советот. По молитвата и советувањето со Божјото слово, слушањето е процес кој подразбира непристрасен придонес од оние кои ги почитувате и верувате дека чекорат со Бога.

**Дејствувајте според верата**

Сторете нешто! Немојте вечно да се двоумите. Направете нешто, верувајќи дека Бог ќе ги управува вашите чекори. Видов еден билборд,

на кој пишуваше: „Полесно се води нешто што веќе е во движење."

Дали Бог ве сака? Да. Дали сте се молеле и сте се советувале со него кога сте ги донесувале своите одлуки? Да. Дали ги примате советите од неговата Реч, пријателите, и дали чесно ги одмерувате можностите? Тогаш преземете акција и имајте доверба дека Бог ве насочува. Ако и покрај сè донесете лоша одлука, зар Бог не може да ве помогне во дадената ситуација, да ве насочи и да ве доведе назад таму каде што Тој сака да бидете? Се разбира! Тој може да го направи тоа. Тој ветил, и вие можете да го молите тоа и да го стори!

Исто така, сфатете дека Бог понекогаш нуди повеќе од една добра опција. Вие можеби секогаш не бирате меѓу „доброто" и „погрешното". Бог можеби ви подарува повеќе добри прилики. Следете го горниот совет, употребете го здравиот разум што Тој ви го подарил, и тогаш одберете, знаејќи дека Божјиот благослов не е ограничен на само еден пат. Ако понизно чекорите со Него, Тој може да ве благослови во секој избор што ќе го донесете.

Не плашете се од промашување. Плашете се единствено од живиот Бог, кој е надвор од вашите планови. Тоа е единственото време кога навистина се наоѓаме во темнина. И покрај сè, чекорете со Бога.

*Сабота, 24 јуни 2023*

## ВРЕМЕТО И НЕГОВАТА УПОТРЕБА

**Што да правиме со времето?**

Во денешната историја ние имаме седум пати повеќе слободно време во однос на нашите претци. И покрај фактот дека од 1850 година работниот ден е намален за една третина, неодамнешната анкета покажува дека 46% од жителите на западните земји чувствуваат дека немаат слободно време. За современиот човек времето е редок комфор. Новите достигнувања на технологијата ни дале млазни авиони, мобилни телефони, компјутери и интернет. Затоа драстично ни е намалено времето што го поминуваме во патување или комуникација во однос на порано, па сепак ни изгледа неподносливо ако чекаме неколку минуги за да добиеме одговор на електронската пошта. Бројните кетеринг фирми ја забрзуваат својата услуга истиот ден кога ќе ја примат порачката за да заработат милиони! Светските

рекорди на спортските случувања се мерат во илјадитиот дел од секундата. Денес позитивно се гледа на хиперактивноста. Роберт Бенкс во својата книга „Тиранија на времето: Кога 24 часа не е доволно“, вели дека христијаните и луѓето кои израснале во христијанско опкружување тежнеат кон работата да пристапат посериозно за разлика од другите. Резултаот од ваквата посветеност кон работата, често и кон општеството и семејството е како да сме возови – постојано во движење и брзање, а секогаш доцниме.

Притисокот што се врши на нас, нѐ придвижува според системот, оди, оди, оди и работи, работи, работи. Доколку со тоа не управуваме правејќи доволен број паузи, застанување и „полнење на батериите“, ќе го изгубиме својот фокус. Би можеле да завршиме како возачот на автобус кој на своите патници им рекол: „имам една добра и една лоша вест. Лошата е дека свртевме погрешно и се наоѓаме на погрешен пат. Добрата вест е дека не треба да се грижите бидејќи продолжуваме да одиме напред“. ***Како движењето да е само по себе цел, без оглед на тоа каде ќе нѐ однесе.***

**Кој, зошто и каде?**

Постои вистинска опасност да паднеме во стапицата во која употребата на времето има врска само со работата и подвизите, дејствувањето и трчањето. Кога ова ќе се случи, ја губиме способноста едноставно да уживаме во Бога, во неговите благослови со кои нѐ опсипал и во заедништвото со другите. Како и во сѐ друго, така и во животот нам ни е потребна библиска рамнотежа. Без оваа рамнотежа можеме да ја уништиме нашата способност да бидеме луѓе какви што Бог нѐ повикал да бидеме. Всушност, со практикување на урамнотежено сфаќање за користење на времето, засновано на библиските принципи, се оспособуваме за подобро користење на времето и сосредоточеност на она што е правилно, на суштински важните димензии на животот - кои сме, каде сме и зошто сме овде на Земјата. Да бидеш добар Управител над времето не е само работа на подобра искористеност на времето само заради поголема продуктивност и стекнување на материјални добра. Своето време треба да го користиме мудро, со пошироко разбирање на неговото значење. Големите настани во Божјата историја – минатото, сегашноста и иднината – онака како што се претставени во Светото Писмо – треба да ги сфатиме од перспектива на Божјиот план, а со самото

тоа и нашето место во тој план. Затоа, често треба да се навраќаме на прашањето зошто навистина сме тука каде што сме и дали сме усогласени со Божјиот план? А тој е најдобар за нас. На тој начин ќе се подобриме во тоа многу повеќе да го вреднуваме времето што Тој ни го дал.


ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

За подобра саботна школа
2/2023

Излегува тримесечно:

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Подготвил: Мелита Томовска

Одговара: Томе Трајков

За интерна употреба